# МНОГУСТРАН ИЗБОР
# MULTIPLE CHOICE

**Заедничка изложба на Јован Балов, Бернхард Гарберт, Виктор Николаев и Дејвид Рид**

Музеј на современата уметност, Скопје
29 јуни – 1 септември 2000

Скопско лето 2000

*Изложбата ја помогнаа: Министерство за култура на Република Македонија, Рокенрол & Медијамаркет, Скен поинт, Амбасада на САД, Амбасада на Германија-Скопје, МАТ, Матекс Скопје*

Четворицата учесници на изложбата *Многустран избор,* иако потекнуваат од различни географски политички, социјални и културни средини (Македонија, Русија, Германија, САД), тие во моментот живеат и работат во Берлин. Нивното заедничко интересирање, наспроти генерациските, националните и ликовните диверзитети, се фокусира врз мултиплицираното видување на тековното, дневното и актуелното опкружување. Обединувачка линија е ангажираниот, често ироничен авторски став во однос на толкуваните содржини.

Јован Балов е преокупиран со проблематиката на орлите и нивното симболично толкување ширум светот. Бернхард Гарберт изградува отворен систем на модуларни и компатибилни единства, со кои експериментира во насока на рушење на догматизмот и затвореноста. Виктор Николаев изработува плотерски фотографии на цитати од Енди Ворхол, врз кои интервенира со калиграфијата на експресионистичкиот потег. Документирањето на шест главни настани во САД, меѓу кои и аферата Клинтон/Моника Левински, Дејвид Рид го документира преку мултимедијални и микс медија постапки.

**ЈОВАН БАЛОВ (Jovan Balov)**
Роден 1961 во Скопје.
Студирал историја на уметност на универзитетот во Скопје и сликарство на факултетот за ликовни уметности во Скопје.
Живее и работи во Берлин.
Самостојно излагал во Скопје, Нови Сад, Сараево, Берлин, Келн. Амстердам.
Учествувал на групни изложби во Скопје, Белград, Сараево, Берлин, Хаг, Тилбург (Холандија)
**Орелот – Грб на светот (The Eagle - Armour of the World)**, 2000, текстил, боја за текстил/акрилик




***ВИКТОР НИКОЛАЕВ* (Victor Nikolaev)**
Роден 1943 во Москва.
Работи и живее во Москва и Берлин.
Самостојно излагал во Москва, Париз, Келн, Берлин, Штутгарт, Ценова и др.
Излагал на изложбата *Гласност-Перестројка* во Барселона и на многубројни заеднички изложби во Берлин, Диселдорф, Париз, Москва, Виена, Хамбург и др.
***Енди Ворхол супер стар (Andy Warhol Super Star)***, 2000, плотерска фотографија, акрилик




***БЕРНХАРД ГАРБЕРТ* (Bernhard Garbert)**
Роден 1957 во Вардингхолт/ Вествалија, Германија.
Студирал на Уметничката академија во Берлин.
Живее и работи во Берлин.
Самостојно излагал во Берлин, Њујорк, Бон.
Учествувал на групни изложби во Берлин, Карлсруе, Хајделберг, Њујорк, Брисел, Лајпциг, Осло и др.
***Вавилонски шатор (Babilon's Tent)***, 2000, транспараентна фолија, боја.



***ДЕЈВИД РИД* (David Reed)**
Роден 1963. во Њујорк.
Студирал на Институтот за уметност во Валенсија, Калифорнија и на Универзитетот во Пенсилванија, Филаделфија.
Живее и работи во Берлин.
Самостојно излагал во Санкт Петерсбург, Валенсија, Берлин, Беркли.
Учествувал на групни изложби во Москва, Лос Анџелес, Валенсија, Варангерботн (Норвешка), Прага и др.
***Опкружувачкото и очевидното (The Circumstantial and the Evident)***, мултимедијален проект, (видео, фотокопии, фотографии, компјутерски отпечатоци на текстови и др.)

